ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА 1/2026



# УВОДНИ СТИХОВИ

*Сабота, 3 јануари 2026*

## Голема е Божјата љубов и Неговата сила

Величината на познатата вселена сите нè исполнува со чудење и восхит. Иако планетата Земја е доста голема, таа е мала, кога ќе се спореди со другите планети кои кружат околу едно просечно големо Сонце. Нашиот соларен систем е сместен до работ на мошне просечна галаксија, која содржи најмалку 100 милиони ѕвезди, а многу од нив имаат свои соларни системи. Сега знаеме дека во познатата вселена постојат милијарди и милијарди галаксии. Тоа значи дека ние сме или многу, многу значајни – или потполно безначајни.

Кога ќе видите колку лесно нашата планета може да се изгуби во бескрајните простори на вселената, може да почнете да мислите дека сме сигурно доста безначајни. Меѓутоа, кога ја читаме 12-тата глава на Откровението, добиваме сосема поинаков впечаток. Почнувате да сфаќате дека она што се случува овде мора да биде од поголема важност за целата вселена од настаните кои се одвиваат на кое било друго место.

Текстот во Откровение 12,4 кажува дека змевот соборил на земјата третина од небесните ѕвезди. Во симболизмот како што е овој потполно е јасно дека не се работи за буквални ѕвезди или галаксии. Откровение 1,20 ги толкува ѕвездите како ангели, говорејќи дека змевот (сатаната) го предизвикал судирот на Небото (контролниот центар на вселената, без оглед каде се наоѓа), а како последица на тоа се случило прогонство на третина од жителите на Небото и неговиот пад на оваа планета. Така нашата планета станала место на траен судир, кој некогаш одамна започнал на Небото.

Ова е конечниот одговор на прашањето за потеклото на злото, болката и страдањата на оваа Земја. Несомнено е дека ангелите кои останале на Небото прашале дали бунтот на сатаната има некакво оправдување. Крстот одговорил на сите нивни прашања

и сомнежи. Бог, кој не се колебал да умре за своите созданија, треба да ја има нашата целосна доверба дека Тој го прави само она што е добро и чесно. Нашата служба во Негова слава денеска нека ја покаже нашата љубов, почит и благодарност за сѐ што направил за нас.

*Сабота, 10 јануари 2026*

**Ветување за Откупител**

**„Јас ќе поставам непријателство помеѓу тебе и жената, помеѓу твоето семе и Нејзиното Семе: Тој ќе ти ја сотрува главата, а ти ќе Му ја сотруваш петицата“ (1. Мојсеева 3,15).**

Адам и Ева можеле да бидат совршено задоволни со знаењето за Бога и за Неговите создадени дела и поуки што ги добивале од светите ангели. Високиот степен на знаење кој мислеле дека ќе го стекнат јадејќи од плодот од забранетото дрво, ги довело до расипаноста на гревот и ги исполнило со чувство на вина.

Гревот ги истерал Адам и Ева од рајот. Гревот бил причина што рајот бил отстранет од Земјата. Како последица на преставувањето на Божјиот закон, тие го изгубиле рајот. Со послушност кон законот на својот Татко и со вера во помирувачката крв на Божјиот Син, можеле повторно да го стекнат изгубениот рај.

Сатаната горделиво и злобно се радувал. Откако успеал да ги победи Адам и Ева, тврдел дека нивниот едемски дом му припаѓа нему. Арогантно се фалел дека светот што Бог го направил, потпаднал под негова власт. Бидејќи го победил Адам, на кого му било доверено да управува со создадениот свет, ги стекнал припадниците на човечкиот род и тие сега станале негови поданици. Затоа тој треба да го добие и Едем и таму да го воспостави своето главно седиште.

Меѓутоа, веднаш биле преземени мерки на Небото, за да се

оневозможат плановите на сатаната. На небото се одржало советување кое довело до потфатот на Божјиот Син – да го откупи човечкиот род од проклетството и од срамот што го донел Адам со својот пад, и да го победи сатаната. О, колку прекрасно удостојување! Величеството на Небото, поттикнат од љубов и сожалување кон грешниот човечки род, предложил да стане нивна замена и залог. И така и направил. Патот за враќање дома е осигуран.

*Сабота, 17 јануари 2026*

**Угодни на Бога**

**„Да одите достојно за Господа и да Му бидете угодни во сè; за да бидете плодоносни во секое добро дело и за да растете во познавањето на Бога“ (Колошаните 1,10).**

Еден проповедник раскажал настан кој се случил додека, како говорник, отворил свеченост на универзитет. Рекол дека за време на свеченоста требало да му се даде одликување на оној студент кој за време на целокупното траења на студиите има најдобри оценки. Кога дошол тој миг, сите дипломци со очекување седеле, желни да дознаат кој е прогласен за победник. Од посебна кутија било извадено одликувањето и предадено во рацете на најдобриот студент. По завршувањето на говорната и музичката програма, победникот се упатил кон посетителите, во задната клупа, каде што седела постара брачна двојка, мошне сиромашна и уредно облечена. Момчето се наведнало над нив, го ставило медалот во рацете на својата мајка и ја бакнал во образот. Проповедникот што го раскажувал ова, видел како слабите раце на мајката, кои го држеле медалот, ги стиснале грубите и од работа измачени раце на татко му. Чул кога таа рекла: „Зар не вредеше сиот наш труд?” Ведрите лица искажувале нечуена радост зара-

ди успехот на нивниот син. Добро поминал на студиите, бидејќи сакал да им угоди на родителите кои толку многу се жртвувале да му помогнат да го стекне најдоброто образование.

Скоро на ист начин и ние, христијаните, би требало да живееме и да „одиме достојно за Господа“, заради сето она што Тој го направил за нас. И кога ќе го направиме тоа, каква само радост му приредуваме! Заради Христовата жртва на Голгота, да му угодуваме – тоа би требало да биде наш најголем поттик! Нашето богослужение денес нека му покаже на Бога колку сме му благодарни за сето она што го направил за нас, за она што го поднел за ние да можеме да живееме и да уживаме во неговата љубов.

*Сабота, 24 јануари 2026*

**Во кругот на сигурноста**

Кога го крунисувале британскиот крал Едвард VII во 1902 година, махараџата Набхе од Индија сакал да направи нешто посебно за да го овековечи тој настан. Купил земја близу до Делхи и на месната благајна ѝ исплатил голема сума пари со која во недоглед би се плаќал данокот на таа земја. Во тоа време граѓаните кои немале пари, можеле таму бесплатно да живеат. Сите даноци биле однапред платени, и луѓето живееле без страв дека ќе бидат фатени ако на време не ги платат државните давачки.

На сличен начин и ние христијаните уживаме во сигурноста на нашето спасение кое ни го овозможил Исус Христос. Кога умрел на крстот, ја платил казната за нашите гревови, кои никогаш повеќе нема да нè прогонуваат. Исус е безгрешен во својата природа и дејствување. Никој никогаш не можел да го обвини за ниту еден чин на непослушност кон Бога. И затоа што ни е дадена неговата праведност, ние не сме под осуда.

Стариот завет ја отсликува таа сигурност во Христа на разни начини. Ное и неговото семејство биле сигурно сместени во бродот кога потопот на Божјиот гнев ја зафатил земјата и го уништил сиот расипан човечки род. Исто така и Израелците биле сигурни во своите домови кога низ Египет поминувал ангелот на смртта, бидејќи довратниците на своите куќи ги премачкале со крв. Црвената врвка ја сочувала Раав (Рава) од смрт кога Израелците го освојувале Ерихон.

Како Христови верници, сигурни сме од секакви обвинувања на непријателот. Казната за гревот е страшна и ужасна, но никогаш нема да ги стигне оние кои се засолниле кај Христа. Му благодарам на Бога што живееме во сигурен круг. Ова богослужение нека биде исполнето со радост, благодарност и славење за сигурноста што ја имаме во нашиот Бог.

*Сабота, 31 јануари 2026*

**Какви грешници?**

**„Верно е словото и достојно - за полно примање: Христос Исус дојде во светот да ги спаси грешниците, од кои сум прв јас“ (1. Тимотеј 1,15).**

Во црквата чиј член бил американскиот богаташ Колгејт (неговото име го носи познатата паста за заби), се одржувала евангелизација и тогаш проповедникот им упатил повик на присутните за обратување. Во таа пригода, својата одлука целосно да му се предаде на Христа, ја изразила и една блудница и почнала да ги признава сите свои гревови. Гласно плачела и барала Бог да ја прифати и да ѝ го даде своето спасение. Исто така, ги прашала старешините дали може да се придружи на црквата и да стане нејзин член.

Проповедникот се колебал и чекал некој да даде предлог и за неколку минути тишината била скоро неподнослива. Конеч-

но станал еден член и предложил нејзиното примање во членството на црквата да се одложи за некое време. Во тој миг станал господинот Колгејт, прочуениот богаташ, и рекол со примес на сарказам: „Сметам дека грубо грешиме кога се молиме Бог да ги спаси грешниците. Заборaваме да му кажеме кој вид на грешници Тој треба да ги спаси. Можеби би требало да го замолиме да ни го прости таквиот пропуст. Светиот Дух го допрел срцето на оваа жена која искрено се покајала, но Бог очигледно не сфаќа дека таа не е личност која ние би сакале Тој да ја спаси“.

Мнозина во црквата се почувствувале укорени. Биле криви што ги осудувале другите, како фарисејот во храмот кој извикнал: „Боже! Ти благодарам што не сум како другите луѓе - разбојници, неправедници, прељубници, или како овој цариник“ (Лука 18,11). По овие зборови, верниците на оваа црква го промениле својот став и оваа жена ја примиле во црквата.

Без оглед на тоа колку големи грешници сме, Исус е подготвен да нè прими и да нè спаси доколку ние сме подготвени да го признаеме и со негова помош да ги оставиме своите гревови. Ова денешно богослужение нека биде уште еден израз на нашата вера во Него и радост за Неговата голема љубов.

*Сабота, 7 февруари 2026*

## Точки и дупки

**„Благословувај Го Господа, душо моја, и не заборави ги Неговите добротворства“ (Псалм 103,2).**

Додека проповедникот се обраќал до група слушатели, зел парче хартија и на него во средината нацртал црна точка. Потоа го држел листот пред очите на собраните луѓе и прашал што гледаат. Еден веднаш одговорил: „Гледам црна точка“. „Точно“, рекол проповедникот. „Што уште гледате?“ Настанала потполна тиши-

на. „Зар не гледате ништо друго освен црна точка?“ Од мноштвото се чул одговор кој значел дека ништо друго не гледаат. „Но вие занемаривте нешто што е поважно од сè – го занемаривте листот што го држам во раката.“ Потоа го објаснил својот пример. Рекол дека ние во животот често сме заведени од мали, црни точки кои ги означуваат разочарувањата или болните искуства, па сме склони да заборавиме на неброените благослови што сме ги примиле од Божјата рака. Но како и тој лист хартија, она што е добро е многу поголемо и поважно од непријатностите и маките што нè снаоѓаат и го окупираат нашето внимание.

Сето ова потсетува на дел од стихот кој е необичен но изразува практичен совет. Некој напишал: „Додека патуваш по животната патека, ова нека ти биде цел: очите впери ги во крофната, а не на дупката во крофната“.

Да, важно е нашето внимание да го сосредоточиме на благословите, а не на животните неволји. Затоа, да го поминеме овој саботен ден и ова богослужение сеќавајќи се на сите добра што Бог ги направил за нас. Да го воздигнеме неговото име и да му дозволиме нашето срце да го исполни со радост и со благодарност, и да нè благослови на нашиот животен пат.

*Сабота, 14 февруари 2026*

## Радост и светост

Едно момче кое слушало долга проповед излегло од црквата со страдална гримаса на лицето. Било палаво, па за време на богослужението татко му неколку пати го повлекол за увото. „Што ти е Иване?“ го прашал еден од ѓаконите, „ми изгледаш некако тажен“. Ожалостеното момче веднаш одговорило: „Да, тажен сум. Тешко е да бидеш среќен и свет во исто време.“

Ова момче ги изразило чувствата на многу млади христија-

ни, а можеби и на многу постари членови на црквата. Мислат дека, ако треба да бидат добри, не можат да бидат среќни. Јужноафриканскиот проповедник од 19 век Ендру Мјуреј го исправил тоа криво сфаќање еднаш засекогаш. „Светоста е неопходна за да имаме вистинска среќа. Ако сакате да бидете радосни, да ја имате полнотата на радоста, трајна радост која никој не може да ви ја одземе, бидете свети како што е Бог свет. Ако сакаме да живееме радосен живот, тогаш да бидеме свети! Сакате ли да бидете свети христијани, мора да бидете радосни христијани. Исус бил помазан од Бога со „масло на радоста“ (Исаија 61,3) за да може и нам да ни го даде. Во сите наши настојувања да бидеме свети, тркалата тешко ќе се придвижуваат ако не се подмачкани со маслото на радоста.

Се наоѓаме на патот кон духовна зрелост, а саботата е станица на која наоѓаме одмор и охрабрување, гледајќи на големите дела коишто Господ ги направил за нас. Да го искористиме тоа време на одмор и да ги зајакнеме своите сили радувајќи се во Господа, зашто пред нас е уште значителен дел од патот кон нашата небесна татковина.

*Сабота, 21 февруари 2026*

## Големата вистина на Библијата

Пред многу години поставен е прекрасен витражен прозорец во капелата на универзитетот во Оксфорд. Надворешниот дел од прозорецот бил украсен со слики од настани запишани во Стариот завет, додека внатрешното крило од прозорецот прикажувало сцени од Новиот завет. Кога сонцето ќе заблеска низ тој прозорец, сликите од двете крила би се стопиле. Посматрачот кој би стоел во капелата, би ја посматрал нежната светлина која паѓа врз сликата на Аврам кој се подготвува да го жртвува својот син Исак на горaта Морија, а едновремено би го гле-

дал крстот на Голгота која ја толкува таа слика од Стариот завет. Посматрајќи ја таа сцена од друг агол, човек би ја видел бронзената змија на дрво во пустината и би ја препознал како прототип на Спасителот кој виси на дрво како жртва за гревовите на сите нас.

Таа сцена прекрасно ја отсликува животната врска меѓу старозаветните претскажувања на Христовата смрт и нивното новозаветно исполнување. Вештиот уметник кој го создал тоа ремек-дело во стакло, го прикажал чудесното единство на Божјото спасение на човекот. Многу години пред Христовото доаѓање, запишани се настаните кои ја претскажувале неговата жртва на крстот. Кога денеска ги читаме извештаите на Евангелијата, веднаш гледаме дека целото Свето писмо се сосредоточило на смртта на Исуса Христа кој се жртвувал за гревовите на целото човештво.

Како може некој да ја промаши главната порака на спасението која се провлекува низ целата Библија!? Како што старите Израелци ја посматрале бронзената змија на столбот, за да ја избегнат смртта од каснување на змиите отровници, така и нашиот поглед мора да биде насочен кон Голгота и кон Исуса Христа прикован на крстот заради нас. Да го воздигнеме денес во нашата служба. Тој да нè исполни со нова сила и да нè направи свои сведоци на Неговата неисцрпна љубов и мудрост.

*Сабота, 28 февруари 2026*

## Божјите раце

Кој остава сè во Божјите раце, ќе ја види Божјата рака во сè!

Кога последен пат сте размислувале за вашите раце? Не знам за вас, но јас сигурно сум благодарна за моите раце и за сè што тие можат да направат. Од миење заби наутро, до гушкање на

моите деца навечер, моите раце прават многу нешта за мене преку целиот ден, а знам дека и вашите исто така!

Но дали сте размислувале дека нашите раце не се единствените раце кои ни помагаат преку денот? Божјите раце исто така нѐ оспособуваат да направиме толку многу работи во овој живот за кои дури и не сме свесни. Неговите раце нѐ обезбедуваат. Неговите раце ни даваат сила. Неговите раце нѐ држат кога се чувствуваме слаби или уморни. Библијата ни кажува дека Неговата моќна рака нѐ ослободува во време на неволја. Неговите раце нѐ чуваат и заштитуваат. Ние секогаш можеме да се чувствуваме безбедно во рацете на Семоќниот Бог!

Па како доаѓаме во рацете на Семоќниот Бог? Барајќи го Неговото лице. Приближувајќи се до Него. Кога ние ќе се доближиме до Него со отворено и понизно срце, Библијата кажува дека Тој веќе нѐ чека со подадени раце. Запомнете, Тој ве сака со вечна љубов. Неговите раце секогаш се подадени кон нас и Тој секогаш е подготвен да нѐ прими во Неговите сакани раце. Кога ќе преземете таков чекор на вера кон Него, Тој ќе ве привлече блиску до Него и ќе ја почувствувате таа љубов, сила, и заштита која се наоѓа само во Него.

*Сабота, 7 март 2026*

## Против струјата

**„Немојте да се прилагодувате со овој свет; туку, преобразувајте се преку обновувањето на вашиот ум, за да можете да ја дознаете која е добрата, угодна, и совршена Божја волја!“ (Римјаните 12,2).**

Двајца студенти по ликовна уметност насликале голема фреска на ѕид во ходникот на спалните соби во еден студентски дом. Сликата прикажувала јато риби кои се движеле во една насока, освен една риба која пливала спротивно од сите.

Таа една риба требало симболички да го прикаже Исуса Христа. Под сликата биле испишани зборовите: „Тргни против струјата“. Управникот на студентскиот дом сметал дека таа слика би можела да ги соблазни христијаните, па им наредил на студентите да ја покријат со боја таа слика на ѕидот.

Во нашата послушност кон нашиот сакан Учител, мора да бидеме подготвени да се движиме против струјата на мноштвото во денешното општество. И додека го следиме Исуса Христа, нашите побуди, вредности и навики треба да бидат поинакви од нехристијанските. Така било и во првиот век, кога паганските народи биле изненадени и укорени со начинот на живот на првите христијани. Апостол Петар напишал: „Затоа тие и се чудат што не се дружите со нив во тој ист неуреден живот, и хулат на вас.“ (1. Петрово 4,4)

Кога чекориме по тактот на музиката, ќе бидеме во расчекор со другите околу нас. За такво нешто потребно е цврста доверба, храброст и постојаност. Но, со Божја помош и неговата милост, можеме да бидеме поинакви, и тоа делотворно поинакви. Иако да се оди во чекор со Бога значи да се биде во расчекор со светот, само така можеме да сведочиме за вистинските животни вредности. Бог нека ни помогне да бидеме сигурни во Неговото водство.

*Сабота, 14 март 2026*

## Крстот

**„А мене, да не ми даде Господ да се фалам со ништо друго, освен со крстот на нашиот Господ Исус Христос, преку Кого за мене светот е распнат, а и јас за светот. “ (Галатјаните 6,14)**

Со векови пред Исус да се роди, крстот се користел како средство за мачење и сурова смрт. Во 519 г. пред Христа, персискиот цар Дариј Први распнал на крст 3000 политички не-

пријатели во Вавилон. Таквата метода на убивање подоцна ја прифатиле и Римјаните, со која ги казнувале робовите и оние кои не биле римски граѓани.

Кога Исус ги понел на Голгота нашите гревови, како што опишува Апостол Петар (1. Петрово 2,24), крстот примил ново значење. Таму Спасителот воспоставил мир со својата крв и на тој начин, на сите што веруваат во Него, им овозможил спасение, помирување со Бога и избавување од вечната казна.

Апостол Павле ја разбрал смислата и значењето на крстот. Направил многу работи поради кои некој човек би можел да се гордее и да се фали пред другите, а тоа би му донело и некое себично задоволство. Но, за разлика од луѓето од овој свет, апостол Павле во Посланието до Галатјаните пишува: „А мене, да не ми даде Господ да се фалам со ништо друго, освен со крстот на нашиот Господ Исус Христос, преку Кого за мене светот е распнат, а и јас за светот." (Галатјаните 6,14) Кога целосно ќе сфатиме што направил Исус за нас на крстот, и ние ќе бидеме понизни. Нашите настојувања се ништо во споредба со Неговото дело кое е толку сеопфатно и комплетно што можел да му понуди спасение на целото човештво. Воскреснатиот Исус како Спасител ги повикува сите луѓе да дојдат кај Него понизно и со вера. И кога ќе поверуваат дека Тој умрел место нив на тој суров крст, примаат од Бога проштавање на своите гревови.

Да ја изразиме денеска својата благодарност кон Бога за Христовиот крст. Да го прославиме со нашите зборови со песна. Да му дозволиме на Неговиот Дух да го обликува нашето срце според неговата вечна слава.

*Сабота, 21 март 2026*

**Втемелена надеж**

Во еден весник се појавила статија за човек кој посебно уживал да се потсмева на христијанската вера. Јавно ги изнел во таа статија своите верувања дека животот нема смисла и дека луѓето немаат никаква основа за надеж по смртта. Отворено ги отфрлил фактите и доказите за постоењето на Бог и историските записи за Христовото воскресение.

Можеби ќе дојде ден кога тој, како познатиот француски писател и филозоф Жан Пол Сартр, ќе копнее за искра на надеж, и нема да биде во можност да ја пронајде. Во 1980 г. болниот Сартр напишал: „Ми се враќа очајот кој долго време ме напаѓа. Светот изгледа гаден и грд, лош и без никаква надеж. Затоа и ова е крик на очај, на старец кој ќе умре во очај. А јас токму на тоа се спротивставував. Знам дека ќе умрам со надеж. Но на таа надеж ѝ треба цврст темел".

Еден месец по таа изјава Сартр умрел. Се прашувам дали некогаш го открил тој важен темел на надежта. Божјата реч нè учи дека единствениот темел на надежта е празниот гроб на Исуса Христа и Неговото воскрсение, како што е опишано во 15. Глава на Првото послание до Коринќаните.

Бог во Исуса Христа ни обезбедил цврста карпа на која се темели нашата вера. Затоа што Исус воскреснал од мртвите, никој од верниците не треба да очајува.

Му благодарам на Господа за сигурноста што ни ја дава Неговата реч. Таа Реч што денеска повторно ќе ја проучуваме, ќе ја зацврсти нашата вера во таа вистина и сигурна надеж.

*Сабота, 28 март 2026*

**Трчај за да победиш**

**„Не знаете ли дека во тркалиштето трчаат сите тркачи, но само еден добива награда! Трчајте така и вие, за да ја добиете!“ (1. Коринќаните 9,24).**

Уште како мало дете, Младен сонувал само едно - еден ден да биде првак на државата во скијање. Меѓутоа, во текот на војната настрадал од нагазна мина и ги изгубил и двете нозе. Почнал да ги мрази сите околу себе, дури и Бога; се опивал и се дрогирал, па дури се обидел и да се самоубие. Длабоко разочаран и во очај, животот му бил пеколен.

Но еден ден Младен запознал неколкумина христијани кои му објасниле дека Исус Христос може да му помогне. Во почетокот не им верувал, но размислувал за таа вест. Најпосле Младен го прифатил Христа и доживеал целосна промена во својот живот. Тој се сеќава на тие мигови: „Не добив нови нозе, но почнав да доживувам нешто сосема ново што се случуваше во мене.“

Ревен во својата намера да го сподели своето искуство што го стекнал кога го запознал Христа, Младен почнал да работи со момчињата во неговата околина. „Ајде, трчај со нас!“ го моleле. Би им одговорил: „Па, не можам, гледате дека немам нозе“. „Но имаш инвалидска количка!“ би му одговориле. И тоа бил почетокот на трките во инвалидски колички, предизвик што го довело до тоа да стане победник на многу трки. И луѓето сега го прашуваат: „Дали маратонската трка во инвалидски колички го промени твојот живот?“ Неговиот одговор е многу убедлив: „Не, тоа беше Исус Христос.“

Дали се чувствувате како губитник? Тогаш, обратете му се на Исуса Христа со вера, а потоа прифатете го повикот на апостол Павле кој рекол да трчате за ја освоите наградата, и тоа каква награда - награда со вечна вредност. Исус нема да ги претвори загубите во добивка, но од темел ќе ве промени вас лично.

И како што ве поттикнува Неговиот Дух, денес предајте му го својот живот потполно во Негови раце.

ГРАДИВО 1/2026
**Уводни стихови**

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Превод и
техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Илија Киров

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**